АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**

**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 01. 02. 2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtese | Вредност Vlerë |
| 10 | 422 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 27 јануари 2022 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 01.02.2022 година;

5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка: /**

*На 27.12.2021 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-456 од 27.12.2021 година) на Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (27.12.2021 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 27 јануари 2022 година, на државно ниво, **констатирано е дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно - не ја отстранил извршената**

**повреда на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, репризна и премиерна епизода од играниот серијал „Величествениот“, емитувани во наведениот период опфатен со контролниот надзор, погрешно беа означени како програма од втора категорија (8+) и беа емитувани во несоодветни програмски термини. Според критериумите од Правилникот, целиот серијал „Величествениот“ треба да биде означен како програма од трета категорија, која не се препорачува за деца под 12 години, односно сите негови епизоди треба да бидат емитувани само во периодот од 20:00 од 05:00 часот.

27 јануари 2022 г.

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| „Величествениот“ – репризирана епизода; | 10:01:20 | 10:56:23 |
| „Величествениот“ – премиерна епизода; | 16:11:52 | 17:25:22 |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на програмскиот сервис на ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, репризна и премиерна епизода од играниот серијал „Величествениот“, емитувани на 27 јануари 2022 година, беа погрешно категоризирани и означени како програма од втора категорија (8+), и беа емитувани во несоодветен временски период од денонокието, односно пред 20 часот.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 27.12.2021 година, ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица.

Оттаму:

- Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заклучокот бр. 02-320/4 од 24.01.2020 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и од членовите 16 и 17 во Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***